**ВВ ТИКВЕШ АД СКОПЈЕ**

TIKVEŠ

SINCE 1885

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2019 ГОД.

**Април 2020**

Содржина Страна


1. Вовед 3.
2. Преглед на извршени ревизии во текот на 2019 4.
3. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола 7.
4. Наоди, предложени мерки и нивно спроведување 8.
5. Останати активности на внатрешната ревизија 8.

**1.ВОВЕД**

Службата за внатрешна ревизија е независен оргазиционен дел која е фукционално и организациски одвоена од останатаите делови на компанијата. Организациската поставеност, правата, одговорностите и односите со другите организациски единици на Друштвото се одредени од страна на Надзорниот орган на ВВ Тиквеш.

При извршување на своите активности внатрешната ревизија вршеше ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Друштвото преку:

- оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- оцена на спроведувањето на интерните политики, процедури и законската регулатива како и деловната политика на Друштвото и нивно следење;
- оцена на поставеноста на информатичкиот систем;
- оцена на точноста и веродостојната на трговските книги и финаските извештаи;
- проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно со прописите;

Службата за внатрешна ревизија согласно Законот за трговски друштва изготви Годишен извештај за своето работење во текот на 2019 година и го достави на разгледување и одобрување на Управниот одбор на Друштвото.

Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија во текот на 2019 ги содржи следниве информации:

- Преглед на извршени ревизии во текот на 2019;
- Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- Наоди, предложени мерки и нивно спроведување;
- Останати активности на Внатрешната ревизија во текот на периодот за кој се однесува овој извештај;

**2. Преглед на извршени ревизии во текот на 2019 година**

Во текот на 2019 година службата за внатрешна ревизија ги релизираше активностите согласно планот на работењето на внатрешната ревизија за 2019 година, кој се базираше на оценка на степенот на ризичност, знаење на областа која се ревидира и временски интервал.

При тоа се настојуваше да бидат контролирани сите организациски делови (сектори, служби и работни места-извршители) и работни процеси на Друштвото кои беа опфатени во годишниот план.

Ревизиите беа извршени преку имплементација на интерното упаство и процедурите усогласени со стндардите за професионална примена на внатрешната ревизија.

Во првиот квартал на 2019 година, како што беше и планирано во Годишниот план за работењето на службата, прво се изготви годишниот Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за деловната 2018 година. Истиот беше уредно доставен и усвоен од страна на Надзорниот одбор.
Во првиот квартал од страна на внатрешниот ревизор беше доставено барање до сите секторски раководители, кои не доставиле, да ги достават своите пишани процедури кои преставуваа појдовна основа за работа на внатрешната ревизија.
Во третиот квартал беше изработен полугодишниот Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија кој беше усвоен од страна на Надзорниот Одбор.

Во периодот јануари-декември 2019 година релизирани се следниве ревизии по оделни области на работењето на Друштвото:

**Преглед на извршени ревизии во текот на 2019 година**

| Ред.Бр. | Реализирани интерни ревизии за 2019 | Период во 2019 |
|---|---|---|
| 1. | Процедура за мониторинг на лозови насади | Јануари |
| 2. | Процедура за преработка на грозје и производство на наливно вино | Јануари |
| 3. | Процедура за обработка, финализирање, полнење и складирање на вино и жестоки пијалоци | Јануари |
| 4. | Прирачник на управување | Јануари |
| 5. | Процедура преглед на раководство | Јануари |
| 6. | Процедура за одредување контекст на организацијата | Јануари |
| 7. | Процедура за управување со ризици и можности | Јануари |
| 8. | Процедура за контрола на документи | Јануари |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Процедура за контрола на записи | Јануари |
| 10. | Процедура за интерни проверки | Јануари |
| 11. | Процедура за неусогласен производ и корективна мерка | Февруари |
| 12. | Процедура за обука | Февруари |
| 13. | Процедура за контрола и испитување | Февруари |
| 14. | Процедура за планирање продажба и маркетинг | Февруари |
| 15. | Процедура за припрема на мостри и дегустација | Февруари |
| 16. | Процедура за Е.Н. Производи и услуги набавка | Февруари |
| 17. | Процедура за одржување и калибрација на опрема | Февруари |
| 18. | Процедура за финансии | Февруари |
| 19. | Процедура за складирање и испорака | Февруари |
| 20. | Процедура за идентификација и вреднување на аспектите на животната средина | Февруари |
| 21. | Процедура за оперативна контрола | Март |
| 22. | Процедура за мониторинг на мерења на еко аспекти | Март |
| 23. | Процедура за опасни ситуации | Март |
| 24. | Процедура за ракување со опасни материи | Март |
| 25. | Процедура за енергенти во котлара | Март |
| 26. | Процедура за заштита од пожар | Март |
| 27. | Процедура за хигиена и заштита | Март |
| 28. | Процедура за повлекување | Март |
| 29. | Тестирање на сите упаства кои се однесуваат на производство | Март |
| 30. | Процедура за склучување на договори | Април |
| 31. | Процедура за закони и нормативи | Април |
| 32. | Процедура за комуникација | Април |

| | | |
|---|---|---|
| 33. | Процедура за планирање и развој на нов производ | Април |
| 34. | Процедура за лансирање на нов производ | Април |
| 35. | Процедура за рекламен матријал | Април |
| 36. | Процедура за службени патувања | Мај |
| 37. | Процедура за користење на службени автомобили и приватни автомобили за службени цели | Мај |
| 38. | Процедура за службени мобилни телефони | Мај |
| 39. | Процедура за репрезентација, спонзорство, корпоративни активности, деловно гостопримство | Мај |
| 40. | Процедура за прераспоредување на работно време | Мај |
| 41. | Процедура-Одобрување трошоци за извозни пазари | Јуни |
| 42. | Процедура за прием и уништување плутени затворачи | Јуни |
| 43. | Процедура за нормирање на крш/растур | Јуни |
| 44. | Кредитна политика | Јуни |
| 45. | Постапка за тек на влезни финансиски документи | Јуни |
| 46. | Постапка за контрола и верификација на излезни фактури | Јуни |
| 47. | Тест процес на набавки | Јули/Август/Септември |
| 48. | Тест класа 4 (трошоци) | Јули/Август/Септември |
| 49. | Тест класа 3 (набавка на материјали) | Јули/Август/Септември |
| 50. | Тест класа 0 (основни средства) | Јули/Август/Септември |
| 51. | Постапка за набавка за гостински ресторан | Јули/Август/Септември |
| 52. | Процедура за прием, складирање и издавање на намирници во ресторан | Јули/Август/Септември |
| 53. | Процедура за планирање и усвојување на Ценовник | Јули/Август/Септември |
| 54. | Постапка за потребна документација за апликација на акцизни маркици | Јули/Август/Септември |
| 55. | Ревизија на Друштвото М6 Тиквеш Белград | Јули/Август/Септември |

| | | |
|---|---|---|
| 56. | Тест конфирмирање на салда | Октомври/Ноември |
| 57. | Тест парични средства | Октомври/Ноември |
| 58. | Тест ДДВ | Октомври/Ноември |
| 59. | Тест конфирмации на добавувачи | Октомври/Ноември |
| 60. | Тест конфирмации на купувачи | Октомври/Ноември |
| 61. | Тест кредити депозити и лизинг | Октомври/Ноември |
| 62. | Тест процес реализација | Октомври/Ноември |
| 63. | Тест процес залихи | Ноември/Декември |
| 64. | Тест процес плати | Ноември/Декември |
| 65. | Процедура за евиденција на работно време и отсуства | Ноември/Декември |
| 66. | Процедура за боледувања | Ноември/Декември |
| 67. | Процедура за управување со учинок на раководителите | Ноември/Декември |
| 68. | ИТ Ревизија | Ноември/Декември |

Извештаите за извршените ревизии заедно со акционите планови се доставуваат до Преседател на Управен Одбор, Надзорен одбор и до раководителите на Секторот во кој се врши ревизија.

Акционите планови се од интерен оперативен карактер и во нив детално се изнесени идентификуваните слабости – наоди, препораки , рокови, одговорни лица за имплементација на дадените препораки.

Истите и служат на Службата за внатрешна ревизија во постапките за редовна проверка на статусот за имплементација на препораките во соработка со надлежните организациони единици.

### 3. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола

Внатрешната контрола претставува континуиран процес на активности кои се спроведуваат од страна на сите нивоа во Акционерското Друштво, органите на управување, менаџментот и сите вработени за да се обезбеди постигнување на следните цели:

- Изработка на навремени и точни финансиски извештаи
- Зголемување на економичност, ефикасност и ефективност на севкупното работење
- Усогласеноста со интерните политики на друштвото и законските пропоиси кои се однесуваат на него

Внатрешната ревизија при потврдување на адекватноста и ефикасноста на системот на интерна контрола се раководеше од најзначајните компоненти и цели и тоа:

- Дали процесите и активностите кои беа предмет на ревизија се регулирани со интерни политики и процедури и дали истите се во согласност со законската регулатива
- Дали е воспоставена правилна поделба на овластувањата и одговорностите во рамките на процесите и активностите кои беа предмет на ревизија
- Дали процесите и активностите се адекватно подржани од информатичкиот систем на Акционерското Друштво
- Дали системските контроли во апликативните решенија се доволни, сигурни и безбедни за да се спречат намерни и ненамерни грешки и доволно ефикасни за да ги минимизираат ризиците во работењето
- Дали системот на интерна контрола овозможува препознавање и проценка на значајни ризици на кои е изложено Акционерското Друштво.

**Мислење:**

Врз основа на извршените поединечни ревизии може да изразиме разумна сигурност дека најголем број од контролите кои се непоходни за да се пресретнат клучните ризици во Друштвото се воспоставени и функционираат.
Од преземените ревизорски активности, утврдените состојби и факти врз основа на податоци по случаен избор постои разумно уверување дека работењето во Друштвото се одвива според законската регулатива.
Во поединечните ревизии каде беа идентификувани слабости во системот на интерни контроли, предложени се препораки за надминување на истите, кои беа предмет на континуирано следење, во насока на спроведување на препораките.

**4. Наоди, предложени мерки и нивно спроведување**

Службата за Внатрешна ревизија редовно ги презентираше наодите и препораките во извештаите кои беа доставувани до Надзорниот Одбор на Друштвото. Исто така ревизијата ја следеше имплементацијата на предложените препораки.

Констатацијата до која дојде Внатрешната ревизија како резултат на следење на реализацијата на дадените препораки генерално укажуваат дека препораките се почитуваат и спроведуваат, а за мал дел имплементацијата е во тек, што значи нема негативни коментари или посериозни забелешки во поглед на наодите и препораките.

Исто така беше констатирано дека доставувањето на одговор за реализација на препораките предложени во текот на годината која измина е со незначително задоцнување.

**5.Останати активности на внатрешната ревизија**

Од страна на Службата за внатрешна ревизија беа релизирани предвидените редовни ревизии согласно Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2019 година. Беа изработени потребните акциони планови за секоја поединечна ревизија во која беа наведени препораки, како и вонредна контрола по барање на раководителите.

Службата ги следеше измените на сите законски прописи кои се однесуваат на работењето на Акционерското Друштво, како и релизирање на дадените препораки во поединечните извештаи.

Службата за внатрешна ревизија имаше соработка со консултанти од кои беа добиени насоки за извршување на ревизијата. За одредени стручни прашања ревизијата беше консултирана и даваше стручни мислења и совети на раководните лица и на вработени во Друштвото.

Во периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 интерниот ревизор како член на Институтот за интерни ревизори, посетуваше семинари за континуирана обука организирани од Институтот на интерни ревизори на РМ во соработка со професионални домашни и странски институции.

Интерен ревизор:

Илија Хаџи-Ангелески